Антонио Јакимовски
Елизабета Томевска-Илиевска

# МАКЕДОНСКА АРХЕОЛОШКА АЗБУКА

*литература за деца и млади*

Скопје, 2025

*Автори:*
проф. д-р Антонио Јакимовски
проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска

*Уредници:*
проф. д-р Антонио Јакимовски
проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска

*Рецензенти:*
проф. д-р Марјан Јованов
проф. д-р Војислав Саракински
проф. д-р Ана Фрицханд

*Стручни соработници:*
м-р Кирил Денковски
м-р Маја Јаневска
м-р Мартина Трајковска

*Графички дизајн и компјутерска обработка:*
м-р Кирил Денковски

*Лектура:*
Валентина Бачваровска



# ПРЕДГОВОР

На просторот каде што се измешани вековите и настаните, каде што секој предмет има нешто да каже и каде што фантазијата и науката одат заедно, токму тоа место е најинтересно за археолозите, и токму таму тие започнуваат да истражуваат, да копаат, да составуваат, да откриваат. Кога ќе ја состават сложувалката на целата таа приказна од минатото, со голема возбуда му ја покажуваат на светот. И на тој начин му се спротивставуваат на заборавот.

Публикацијата МАКЕДОНСКА АРХЕОЛОШКА АЗБУКА е наменета за деца и млади, преку која на интересен и сликовит начин ги откриваат културните богатства, културно се самоосознаваат и развиваат чувство за национална припадност, со цел да ја побуди нивната љубопитност, како и да ги поттикне повеќе да истражуваат за новоизучените поими.

Децата, пак, преку понудениот концепт, на еден поинаков начин, истовремено имаат можност да ги изучуваат и буквите од македонската азбука и археолошките поими. Затоа со право може да се каже дека оваа литература за деца и млади во исто време и јазично и археолошки описменува.

Интерактивниот карактер на литературата за деца и млади се согледува и преку можноста новоизучените археолошки поими да ги препознаваат во друга литература, со можност да ги воочуваат во непосредната околина и при посета на археолошки локалитети, музеи, споменици итн. Се очекува МАКЕДОНСКАТА АРХЕОЛОШКА АЗБУКА да биде интересно четиво за самостојно разгледување и читање, но и со можност активно да бидат вклучени наставниците, педагозите, родителите, членовите на поширокото семејство и заедницата.

Децата и младите имаат ексклузивна можност да ја имаат в раце МАКЕДОНСКАТА АРХЕОЛОШКА АЗБУКА како прва и единствена литература од ваков тип во земјата и во регионот.

Авторите



## ПРОФ. Д-Р АНТОНИО ЈАКИМОВСКИ

Професор Антонио Јакимовски е доктор по археолошки науки, редовен професор на Институтот за Историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Раководител е на Институтот за историја на уметноста и археологија. Антонио Јакимовски има учествувано во повеќе од сто национални и меѓународни проекти, археолошки истражувања и ископувања, а на голем дел од нив бил и раководител. Учествувал на бројни научни симпозиуми и конференции во земјата и странство, а вклучен е во бројни активности поврзани со образованието. Автор е на десетина книги и повеќе од 50 стручни и научни трудови публикувани во меѓународни и домашни референтни зборници и списанија.



## ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ТОМЕВСКА-ИЛИЕВСКА

Професор Елизабета Томевска-Илиевска е доктор по педагошки науки, редовен професор на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Томевска-Илиевска повеќе од 20 години активно учествувала како образовен експерт и тренер во многубројни меѓународни и национални образовни програми. Покрај тоа како образовен експерт, евалуатор и истражувач била вклучена во национални и меѓународни проекти и во бројни научни истражувања. Таа има учествувано и во многу активности поврзани со образовната политика во областа на основното воспитание и образование и средното стручно образование и обука, и во подобрување на јазичната писменост во раната училишна возраст. Учествувала на бројни конференции во земјата и странство. Автор и коавтор е на повеќе учебници (универзитетски и за основно образование), прирачници, научно-истражувачки публикации, статии и прирачна детска литература.



ПРОФ. Д-Р
МАРЈАН ЈОВАНОВ

Универзитет
„Св. Кирил и Методиј“
во Скопје

Филозофски факултет,
Институт за историја на
уметноста и археологија

Литературата за деца и за млади, насловена како „Македонска археолошка азбука“, е пионерски обид преку одбрани слики и кратки текстови младите читатели да се запознаат со околу 120 поими со кои најверојатно не се сретнале во нивното претходно животно искуство. Знаејќи ја љубопитноста на децата, кога се работи за откривање и осознавање на нови нешта, а особено кога станува збор за мистериите поврзани со минатото, убеден сум дека ова дело, наменето за деца и млади, ќе стане една од нивните омилени книги, една нивна мала енциклопедија што ќе им овозможи патување во минатото и разгорување на нивната фантазија.

Самиот концепт, преку четири поими за секоја буква од азбуката, да се запознаат со повеќе од 100 зборови поврзани со археологијата и културното наследство, само навидум е едноставен, а всушност неверојатно сложен. Притоа, да се направи вистинскиот избор на поими и да се доближи преку нив археологијата и да се разбуди љубов кон изучување и истражување на минатото е вистински предизвик. Постојат десетици поими кои почнуваат на одредена буква и од нив треба да се изберат најсоодветните, а од друга страна имате букви на кои не почнува ниту еден поим поврзан со археологијата. Уште посложен е проблемот што е потребно тие одбрани зборови да бидат дел од македонското културно наследство и археолошките сознанија. Авторите на оваа литература многу успешно се справиле со овој предизвик, направиле одличен избор на поими, нивни кратки и прецизни толкувања, приспособени за младата популација, а сепак доволно едукативни, при што и голем број возрасни би ја користеле оваа литература како своевиден мал лексикон. Ефектот врз читателите дополнително го засилува богатиот илустративен материјал, технички беспрекорно обработен, а богатиот колорит и одличниот дизајн само уште повеќе ќе ја рашират детската насмевка, ќе ја разгорат нивната фантазија и ќе си изградат едно свое патување во минатото.

Во време кога сè повеќе сфаќаме колку користењето на електронските направи негативно влијае врз раниот развој на децата и кога сè повеќе земји во светот донесуваат законски одредби за редуцирање на нивната употреба, особено во првите петнаесетина години од животот, едно вакво дело, достапно во печатена форма, секако ќе биде многу корисна алатка за нивна едукација и почетно четиво на животниот пат. Сметам дека авторите извонредно ја препознале потребата од создавање на ваква книга, низ која читателите ќе научат многу нови зборови, но и ќе доживеат една авантура, а патувањето низ времето секако е тоа. Ова дело несомнено е вовед кон запознавањето и раѓањето на љубов кон историското, археолошкото и уметничкото наследство на Македонија и светот.

Уверен сум дека оваа литература за деца и млади ќе биде одлично прифатена не само од младата популација, на која првенствено ѝ е наменета, туку и од нивните наставници, родители, баби и дедовци... Длабоко убеден во корисноста од оваа книга, искрено им честитам на авторите и се надевам на нови, проширени изданија од ваков вид.

„Македонска археолошка азбука" претставува редок пример на детска литература, која успева истовремено да го прошири појмовниот свет на младите читатели и да ги внесе во димензијата на културното наследство како живо, возбудливо, подрачје на знаење. Книгата е обликувана со прецизна цел: преку внимателно избрани археолошки и културно-историски термини да им се отвори на децата простор за откривање на околу стотина нови зборови и концепти, претежно непознати во нивното секојдневие, но суштински важни за разбирањето на сопствената земја и нејзиното минато. Ваквиот пристап, структуриран по букви и поткрепен со илустрации, создава своеобразен визуелно-јазичен атлас што природно го поттикнува детското истражувачко однесување.

Авторите изградиле книга што навидум има едноставна логика, но под себе крие сложена филтрација: избор на поими што се доволно репрезентативни, доволно разбирливи и доволно привлечни за возраста кон која е насочена. Потребата секоја буква од азбуката да биде претставена со соодветен термин создава дополнителна методолошка тежина, особено онаму каде што лексичкиот фонд е ограничен. Токму затоа впечатливо изгледа фактот што книгата успева да одржи рамнотежа меѓу научната точност и пристапноста, градејќи речник што може да им служи и на возрасните како брз, фактичен репер.

Структурирањето од полесно кон посложено, како и кратките дефиниции што не ја потценуваат младата публика, сведочат за авторско познавање на детските когнитивни процеси. Придружните фотографии и јасниот визуелен редослед го забрзуваат процесот на препознавање и помнење, создавајќи кохерентен систем во кој буквата, зборот, сликата и значењето се поврзуваат без напор. Овој материјал, иако насочен кон најмладите, е доволно богат за да им биде интересен и на родителите, и на наставниците, како и на сите што сакаат да ги прошират сопствените основни познавања од археологијата и историјата.

Значењето на вакви книги во предучилишната и училишната педагогија е далекосежно. Прво, тие го поттикнуваат јазичниот развој преку систематско воведување на нов вокабулар. Второ, визуелните стимулуси и конкретните примери ја зајакнуваат способноста за категоризација, што е темел на логичкото мислење во раниот развој. И трето, културното наследство, претставено во разбирлива форма, создава чувство на географска, но и на историска припадност – вредности што современата педагогија ги смета за основни во обликувањето на детската личност. Конечно, печатената книга како физички предмет нуди искуство што дигиталните медиуми не можат да го заменат: тактилност, стабилен фокус и процес на читање без фрагментација.

„Македонска археолошка азбука" се издвојува како дело што има потенцијал да стане референтна точка во домашната детска литература. Таа не само што отвора врата кон археологијата, туку и создава генерации читатели што ја разбираат вредноста на минатото. Ова е книга која сведочи на најубав начин дека вистинското учење започнува онаму каде што детската љубопитност наоѓа материјал што е скроен по нејзина вистинска мерка.



ПРОФ. Д-Р
ВОЈИСЛАВ САРАКИНСКИ

Универзитет
„Св. Кирил и Методиј"
во Скопје

Филозофски факултет,
Институт за историја



**ПРОФ. Д-Р
АНА ФРИЦХАНД**

Универзитет
„Св. Кирил и Методиј“
во Скопје

Филозофски факултет,
Институт за психологија

„Македонска археолошка азбука“, од авторите проф. д-р Антонио Јакимовски и проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска, е литература наменета за деца и млади, чија едукативна вредност и големо културно-општествено значење се евидентни уште при првото прелистување на страниците. Делото има јасна структурна поставеност и е конципирано во согласност со развојните карактеристики на целните возрасни групи. Во оваа смисла, почитувани се дидактичките принципи на учење од едноставно кон сложено и од познато кон непознато, што ја прави „Македонска археолошка азбука“ лесно читливо и разбирливо четиво за помладите читатели за кои е првично наменета. Сепак, таа е интересна и за оние повозрасните кои сакаат да дознаат нешто повеќе за богатото археолошко и културно-историско наследство со кое располага нашата земја. Ова е така, бидејќи развојот и учењето се два неразделни и мошне динамични процеси што траат во текот на целиот животен циклус и за време на кои се случуваат квалитативни промени во сите развојни домени. Методско-дидактичкиот приод што го користат авторите во објаснувањето на секој наведен поим, поткрепен со соодветни фотографии и концизни објаснувања, е особено корисен за помладата читателска публика, бидејќи придонесува кон полесно и поефикасно усвојување на буквите од македонската азбука, како и успешно разбирање и запомнување на одбраните археолошки поими.

Иако помладите генерации денес растат и комуницираат во дигитален свет, каде што секоја информација е оддалечена на само еден „клик“ од корисниците, вредноста на печатениот збор во формат на книга не е намалена. Напротив, како што изминува времето станува сè повеќе потребен, имајќи предвид дека токму читањето книги е важно не само за развојот на говорот и на мислењето, туку претставува еден од клучните фактори за оптималниот развој на мозокот и одржувањето на неговата виталност. Оттука, литературата за деца и млади „Македонска археолошка азбука“ добива уште поголема важност, бидејќи на едно место обработува дел од најважните археолошки поими и ги води читателите на патување низ времето, премостувајќи ги сегашноста и минатото на еден суптилен, компетентен и колоритен начин. Читајќи ја самостојно или како семејна активност за заедничко квалитетно поминато време, читателската публика може да ги освежи постојните и да стане побогата со нови сознанија, кои сведочат дека археологијата и покрај огромниот техничко-технолошки напредок на нашата цивилизација никогаш не престанува да биде актуелна и сè уште крие неброени тајни и прашања што бараат одговори, обезбедувајќи ѝ го местото на пиедесталот на науките кои успешно го издржуваат тестот на времето.

Особено сум почестена од можноста да бидам рецензентка на ова дело и срдечно им го препорачувам на сите заинтересирани читатели. Заслужува многу изданија и натамошни продолженија.

*Издавач:*
Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики
ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ Скопје

*Печати:*
AVOGADOS Digital Printing Solutions

*Тираж*
400

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Republic of North Macedonia
**Ministry of Culture and Tourism**

Изданието е отпечатено со помош на средства од
Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

902/904(02.053.2)(084.11)

ЈАКИМОВСКИ, Антонио
Македонска археолошка азбука : литература за деца и млади / Антонио Јакимовски, Елизабета Томевска-Илиевска. - Скопје : Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ, 2025. - 71 стр. : илустр. ; 30 см

ISBN 978-608-66358-6-2

1. Томевска-Илиевска, Елизабета [автор]
а) Археологија -- Книги за деца
© 2025 Авторите. Сите права се задржани.